**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# СТАНДАРД
## за намената и форматот на пораките во системот на вкрстување

**Скопје, април 2017**

Врз основа на член 48 став 1 алинеја 7 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16), член 49 став 1 од Статутот на Народната банка на Република Македонија Македонија Ст. бр. 02-15/IV-1/2011 од 21.4.2011 година, О бр. 02-15/III-4/2012 од 29.3.2012 година и О бр. 02-15/II-10/2016 од 25 февруари 2016 година, а во врска со член 30 од Правилата за начинот и постапката за тргување и порамнување на трансакциите со хартии од вредност на пазарите преку шалтер („Службен весник на Република Македонија" бр. 81/11) гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

# СТАНДАРД
## за намената и форматот на пораките во системот на вкрстување

## 1. Вовед

Учесниците во тргувањето и порамнувањето трансакции со хартии од вредност склучени на пазарите преку шалтер и учесниците во тргувањето и порамнувањето трансакции со благајнички записи на Народната банка на Република Македонија разменуваат инструкции во електронски облик со специјализирани пораки MT199 и специјализирани пораки MT103 за пренос на средства со кодот DVP.

Специјализираните пораки MT199 и специјализираните пораки за пренос на средства MT103 (код DVP) ја имаат истата презентација, намена, формат и содржина како и пораките MT103 - порака за пренос на средства по барање на клиент и MT199 - порака во слободен формат, коишто се детално опишани во документот „Стандард за намената и форматот на пораките во МИПС".

Во овој документ се опишани само инструкциите во специјализираните пораки MT199 и MT103 (код DVP) што ги праќаат учесниците/ЦДХВ до системот на вкрстување и инструкциите во специјализираните пораки MT199 што ги праќа системот на вкрстување до учесниците/ЦДХВ.

Учесниците/ЦДХВ и системот на вкрстување ги презентираат инструкциите што се содржани во пораките MT199 во полето :79:.

Учесниците ги презентираат инструкциите што се содржани во специјализираните пораки MT103 (код DVP) во полето :72:.

Праќањето соодветна специјализирана порака MT103 (код DVP)/MT199 претставува издавање соодветна наредба на системот на вкрстување да изврши некоја операција, согласно со намената и содржината на пораката.

Примањето соодветна порака MT103 (код DVP)/MT199 значи информирање на учесникот за некое дејствие на системот на вкрстување и учесникот е должен да реагира согласно со намената и содржината на пораката.

Презентацијата, намената, форматот и содржината на сите останати пораки коишто ги праќаат и ги примаат учесниците согласно со операциите на порамнување трансакции со хартии од вредност на пазари преку шалтер и операциите на порамнување благајнички записи на Народната банка на Република Македонија, се детално опишани во документот „Стандард за намената и форматот на пораките во МИПС".

За извршување на операциите на порамнување трансакции со хартии од вредност на пазари преку шалтер и операциите на порамнување трансакции со благајнички записи на Народната банка на Република Македонија, системот на вкрстување го користи кодот BIC: NBRMMK2XDHV, ЦДХВ го користи кодот BIC: CDHVMK21DHV, а учесниците ги користат своите кодови BIC.

## 2. Општи правила

### 2.1. Единствен клуч на порака МТ103 (код DVP) во системот на вкрстување

Единствениот клуч на пораката МТ103 (код DVP) во системот на вкрстување е ист како и единствениот клуч на платни пораки којшто е детално опишан во генералните правила во документот „Стандард за намената и форматот на пораките во МИПС".

### 2.2. Единствен клуч на порака МТ199 во системот на вкрстување

Пораките МТ199 коишто се праќаат од страна на учесниците и ЦДХВ до системот на вкрстување и пораките МТ199 коишто се праќаат од системот на вкрстување до учесниците и ЦДХВ, се идентификуваат со следнава комбинација на полиња којашто се нарекува единствен клуч на пораката МТ199:

- код BIC на учесникот/ЦДХВ/системот на вкрстување (дел од полето :79:) примач на пораката МТ199 - единаесет знаци;
- референца на трансакција (поле :20:) – шеснаесет знаци;
- датум на порамнување – (дел од поле :79:) – шест знаци.

Датумот на порамнување секогаш мора да е еднаков со тековниот работен ден во МИПС.

Ако се испрати порака МТ199 во системот на вкрстување со единствен клуч којшто веќе е употребен во тековниот работен ден, тогаш истата порака МТ199 ќе биде одбиена од системот на вкрстување и нема да биде предмет на понатамошна обработка.

Во случај на погрешна порака МТ199 во системот на вкрстување, таа не може да се поправи и повторно да се прати во системот на вкрстување со истата референца.

### 2.3. Пополнување на полето :20: на специјализираните пораки МТ199 коишто ги создава и ги праќа системот на вкрстување

Податокот во полето :20: на специјализираните пораки МТ199 што ги праќа системот на вкрстување до учесниците и ЦДХВ секогаш се создава во следниот формат:

| Поле | Име на поле | Формат |
|---|---|---|
| 20 | Референца на трансакција | 1!a15x |

Каде што:
1!a - означува тип на создадена порака, а
15x - означува реден број на создадена порака.

Типот на создадената порака МТ199 може да биде:
S - означува дека пораката МТ199 содржи инструкции за порамнување или известување за порамнување;
E - означува дека пораката МТ199 содржи известување за грешка.

### 2.4. Општи забелешки

Полето :79: на пораката MT199 мора да го содржи следниот код /TEXTMESSAGE/ и BIC на учесникот/ЦДХВ/системот на вкрстување кому се праќа пораката MT199.

Полето :72: на пораката MT103 (код DVP) мора да го содржи следниов код /DVP/.

По внесувањето на секој елемент од инструкциите, во пораката MT199 се внесува <CRLF>.

Вредноста на бројот на хартии од вредност и вредноста на номиналниот износ на благајнички записи е целобројна вредност и се прикажува без користење знаци за делење цифри на групи.

Вредноста на паричниот износ се прикажува со точност од две децимали, применувајќи сметководствен стандард на заокружување.

Вредностите за број на хартии од вредност, вредноста на номиналниот износ на благајнички записи, поединечната цена и паричниот износ мора да бидат поголеми од 0 (нула). Кога се врши пренос на хартии од вредност без пренос на парични средства (англ. free of payment) при репо-трансакции, вредностите на поединечна цена и паричен износ се 0 (нула).

Вредноста на видот трансакција може да биде:

D - дефинитивна трансакција или R - репо-трансакција.

Вредноста на паричниот износ и бараниот износ по децималната запирка може да биде „00".

Децималната запирка за вредностите на поединечна цена, паричен износ и баран износ е задолжителна и не смее да се користат други знаци за делење на групи цифри.

Датумот на порамнување се прикажува по ISO-стандард: YYMMDD.

При порамнувањето дефинитивни трансакции со купонски хартии од вредност, купувачот, во пораката MT103 за пренос на средства, го внесува бруто паричниот износ, којшто претставува производ од бруто-цена и номинален износ на хартии од вредност, поделен со 100 (сто).

## 3. Пораки за пренос на сопственост на хартии од вредност

### 3.1. Порака MT199 за пренос на сопственост на хартии од вредност (Учесник -> Систем на вкрстување)

#### 3.1.1. Намена на пораката MT199 за пренос на сопственост на хартии од вредност

Оваа порака ја користат учесниците во порамнувањето хартии од вредност за доставување инструкции за порамнување трансакции со хартии од вредност во свое име и за своја сметка и во свое име, а за туѓа сметка (учесник-банка-купувач/на купувачот во понатамошниот текст: учесник-купувач и учесник-банка-продавач/на продавачот во понатамошниот текст: учесник-продавач).

### 3.1.2 Формат и елементи на инструкцијата за пренос на сопственост на хартии од вредност

#### 3.1.2.1 Учесник-купувач -> Систем на вкрстување

| Статус | Име на елементот | Формат[1] |
|---|---|---|
| З | Ознака на испраќачот на инструкцијата | 1!a |
| З | Сметка на купувачот во ЦДХВ | 10!n |
| З | ISIN-код | 12!c |
| З | Број на хартии од вредност | 15d |
| З | Поединечна цена | 15d |
| З | Паричен износ | 15d |
| З | Вид трансакција | 1!a |
| З | Код BIC на учесникот-продавач | 4!a2!a2!c[3!c] |
| З | Сметка на продавачот во ЦДХВ | 10!n |
| З | Датум на порамнување | 6!n |
| З | Сметка на купувачот во банка | 15!n |

#### 3.1.2.2. Учесник-продавач -> Систем на вкрстување

| Статус | Име на елементот | Формат |
|---|---|---|
| З | Ознака на испраќачот на инструкцијата | 1!a |
| З | Сметка на продавачот во ЦДХВ | 10!n |
| З | Код ISIN | 12!c |
| З | Број на хартии од вредност | 15d |
| З | Поединечна цена | 15d |
| З | Паричен износ | 15d |
| З | Вид трансакција | 1!a |
| З | BIC код на учесникот-купувач | 4!a2!a2!c[3!c] |
| З | Сметка на купувачот во ЦДХВ | 10!n |
| З | Датум на порамнување | 6!n |

### 3.1.3. Спецификација на елементите на инструкцијата за пренос на сопственост на хартии од вредност

#### 3.1.3.1. Учесник-купувач -> Систем на вкрстување

**ознака на испраќачот на инструкцијата** - содржи податок за праќачот на инструкцијата. Задолжителна вредност на овој елемент е К.
**сметка на купувачот во ЦДХВ** - содржи податок за сметката на хартии од вредност на купувачот во ЦДХВ.

[1] Во дефинирањето на форматот на елементите се користат стандардните симболи коишто се користат во „Стандардот за намена и форматот на пораките во МИПС".

**код ISIN** - содржи податок за кодот ISIN на недостасани хартии од вредност.

**број на хартии од вредност -** содржи податок за број на хартии од вредност.

**поединечна цена -** содржи податок за поединечна цена на хартии од вредност. При порамнувањето на дефинитивните трансакции со купонски хартии од вредност содржи податок за чиста цена.

**паричен износ -** содржи податок за паричен износ на хартии од вредност. При порамнување дефинитивни трансакции со купонски хартии од вредност, содржи податок за чист паричен износ којшто се пресметува како производ од номинален износ и чиста цена, поделен со 100 (сто).

**вид трансакција -** содржи податок за видот на трансакцијата.

**код BIC на учесникот-продавач -** содржи податок за кодот BIC на учесникот-продавач.

**сметка на продавачот во ЦДХВ** - содржи податок за сметката на хартии од вредност на продавачот во ЦДХВ.

**датум на порамнување -** содржи податок за датумот на порамнување. Податокот мора да биде еднаков со тековниот работен ден во МИПС.

**сметка на купувачот во банка** - содржи податок за сметката на купувачот во банка за исплата на достасани хартии од вредност.

#### 3.1.3.2. Учесник-продавач -> Систем на вкрстување

**ознака на испраќачот на инструкцијата** - содржи податок за праќачот на инструкцијата. Задолжителна вредност на овој елемент е P.

**сметка на продавачот во ЦДХВ** - содржи податок за сметката на хартии од вредност на продавачот во ЦДХВ.

**код ISIN** - содржи податок за кодот ISIN на недостасаните хартии од вредност.

**број на хартии од вредност -** содржи податок за бројот на хартии од вредност.

**поединечна цена -** содржи податок за поединечната цена на хартиите од вредност. При порамнување дефинитивни трансакции со купонски хартии од вредност, содржи податок за чистата цена.

**паричен износ -** содржи податок за паричниот износ на хартиите од вредност. При порамнувањето дефинитивни трансакции со купонски хартии од вредност, содржи податок за чистиот паричен износ којшто се пресметува како производ од номиналниот износ и чистата цена, поделен со 100 (сто).

**вид трансакција -** содржи податок за видот на трансакцијата.

**код BIC на учесник-купувач -** содржи податок за кодот BIC на учесникот-купувач.

**сметка на купувачот во ЦДХВ** - содржи податок за сметката на хартии од вредност на купувачот во ЦДХВ.

**датум на порамнување -** содржи податок за датумот на порамнување. Податокот мора да биде еднаков со тековниот работен ден во МИПС.

### 3.1.4. Критериуми за вкрстување на пораките MT199 за пренос на сопственост на хартии од вредност

Системот на вкрстување извршува вкрстување на инструкциите за пренос на сопственост на хартии од вредност пратени од учесникот-купувач и

учесникот-продавач доколку постои совпаѓање на податоците презентирани во следниве елементи:

- код ISIN;
- број на хартии од вредност;
- поединечна цена;
- паричен износ;
- вид трансакција;
- код BIC на учесник-купувач / код BIC на учесник-продавач;
- сметка на купувачот во ЦДХВ;
- сметка на продавачот во ЦДХВ;
- датум на порамнување.

## 3.2. Порака MT199 за порамнување хартии од вредност (Систем на вкрстување -> ЦДХВ)

### 3.2.1. Намена на пораката за порамнување хартии од вредност (Систем на вкрстување -> ЦДХВ)

Оваа порака ја користи системот на вкрстување за праќање инструкции за порамнување на хартиите од вредност до ЦДХВ.

### 3.2.2. Формат и елементи на инструкција за порамнување хартии од вредност (Систем на вкрстување -> ЦДХВ)

| Статус | Име на елементот | Формат |
|---|---|---|
| З | Код ISIN | 12!c |
| З | Број на хартии од вредност | 15d |
| З | Поединечна цена | 15d |
| З | Паричен износ | 15d |
| З | Сметка на купувачот во ЦДХВ | 10!n |
| З | Сметка на продавачот во ЦДХВ | 10!n |
| З | Код на учесникот-купувач во ЦДХВ | 2!a |
| З | Код на учесникот-продавач во ЦДХВ | 2!a |
| З | Вид на трансакција | 1!a |
| З | Датум на порамнување | 6!n |
| З | Сметка на купувачот во банка | 15!n |

### 3.2.3. Спецификација на елементите на инструкцијата за порамнување хартии од вредност (Систем на вкрстување -> ЦДХВ)

**код ISIN** - содржи податок за кодот ISIN на недостасани хартии од вредност.

**број на хартии од вредност -** содржи податок за бројот на хартии од вредност.

**поединечна цена -** содржи податок за поединечната цена на хартиите од вредност. При порамнувањето дефинитивни трансакции со купонски хартии од вредност, содржи податок за чистата цена.

**паричен износ -** содржи податок за паричниот износ на хартиите од вредност. При порамнување дефинитивни трансакции со купонски

хартии од вредност, содржи податок за чист паричен износ кој, се пресметува како производ од номинален износ и чиста цена, поделено со 100 (сто).
**сметка на купувач во ЦДХВ** - содржи податок за сметката на хартии од вредност на купувачот во ЦДХВ.
**сметка на продавач во ЦДХВ** - содржи податок за сметката на хартии од вредност на продавачот во ЦДХВ.
**код на учесник-купувач во ЦДХВ -** содржи податок за кодот на учесникотот-купувач регистриран во ЦДХВ.
**код на учесник-продавач во ЦДХВ -** содржи податок за кодот на учесникот-продавач регистриран во ЦДХВ.
**вид на трансакција -** содржи податок за видот на трансакцијата;
**датум на порамнување -** содржи податок за датумот на порамнување. Податокот мора да биде еднаков со тековниот работен ден во МИПС.
**сметка на купувачот во банка** - содржи податок за сметката на купувачот во банка за исплата на достасаните хартии од вредност.

## 4. Пораки за пренос на сопственост и порамнување благајнички записи на Народната банка на Република Македонија

### 4.1. Порака MT199 за пренос на сопственост на благајнички записи на Народната банка на Република Македонија (Учесник -> Систем на вкрстување)

#### 4.1.1. Намена на пораката MT199 за пренос на сопственост на благајнички записи на Народната банка на Република Македонија

Оваа порака ја користи учесникот-продавач во порамнувањето трансакции со благајнички записи на Народната банка на Република Македонија во свое име и за своја сметка (во понатамошниот текст: учесник-продавач).

#### 4.1.2. Формат и елементи на инструкцијата за пренос на сопственост на благајнички записи на Народната банка на Република Македонија

**Учесник-продавач -> Систем на вкрстување**

| Статус | Име на елементот | Формат |
|---|---|---|
| З | Број на аукцијата | 14!c |
| З | Номинален износ | 15d |
| З | Поединечна цена | 15d |
| З | Паричен износ | 15d |
| З | Вид трансакција | 1!a |
| З | Код BIC на учесникот-купувач | 4!a2!a2!c[3!c] |
| З | Датум на порамнувањето | 6!n |

### 4.1.3. Спецификација на елементите на инструкцијата за пренос на сопственост на благајнички записи на Народната банка на Република Македонија (Учесник-продавач -> Систем на вкрстување)

**број на аукција** - содржи податок за бројот на аукцијата на недостасани благајнички записи на Народната банка на Република Македонија. Податокот за бројот на аукцијата секогаш мора да е презентиран како низа од четиринаесет (14) знака во следниов формат: 2!a4!n/3!n-3!n.
**номинален износ -** содржи податок за номиналниот износ на благајничките записи на Народната банка на Република Македонија.
**поединечна цена -** содржи податок за поединечната цена на благајничките записи на Народната банка на Република Македонија.
**паричен износ -** содржи податок за паричниот износ на благајничките записи на Народната банка на Република Македонија.
**вид трансакција -** содржи податок за видот на трансакцијата.
**код BIC на учесникот-купувач -** содржи податок за кодот BIC на учесникот-купувач.
**датум на порамнување -** содржи податок за датумот на порамнување. Податокот мора да биде еднаков со тековниот работен ден во МИПС.

## 4.2. Порака MT103 (код DVP) за пренос на парични средства за порамнување трансакции со благајнички записи на Народната банка на Република Македонија (Учесник -> Систем на вкрстување)

### 4.2.1. Намена на пораката MT103 (код DVP) за пренос на парични средства за порамнување трансакции со благајнички записи на Народната банка на Република Македонија

Оваа порака ја користи учесникот-купувач во порамнувањето трансакции со благајнички записи на Народната банка на Република Македонија. Форматот и намената на оваа порака е ист како и форматот и намената на пораката MT103 – Порака за пренос на средства по барање на клиент, којашто е детално опишана во документот „Стандард за намената и форматот на пораките во МИПС".

Кодот DVP означува дека оваа порака за плаќање ќе биде обработена согласно со принципот „испорака наспроти плаќање" во системот на вкрстување. Во овој документ е опишан само форматот на елементите коишто задолжително ги пополнува учесникот-купувач во полето :72: од пораката MT103 (код DVP).

### 4.2.2. Формат и елементи во полето :72: од пораката MT103 (код DVP)

**Учесник-купувач -> Систем на вкрстување**

| Поле | Име на полето | Формат |
|---|---|---|
| :72: | Информација од праќач до примач | /DVP/1!a14!c4!a2!a2!c[3!c ] |

Полето :72: мора да ги содржи следните елементи по задолжителниот DVP код (/DVP/)

**Учесник-купувач -> Систем на вкрстување**

| Статус | Име на елемент | Формат |
|---|---|---|
| З | Вид трансакција | 1!a |
| З | Број на аукција | 14!c |
| З | Код BIC на учесникот-продавач | 4!a2!a2!c[3!c] |

### 4.2.3. Спецификација на елементите во полето :72: на пораката за пренос на парични средства MT103 (код DVP) (Учесник-купувач -> Систем на вкрстување)

**вид трансакција -** содржи податок за видот на трансакцијата.
**број на аукција** - содржи податок за бројот на аукцијата на недостасаните благајнички записи на Народната банка на Република Македонија.
Податокот за бројот на аукцијата секогаш мора да е презентиран како низа од четиринаесет (14) знака во следниов формат: 2!a4!n/3!n-3!n.
**код BIC на учесникот-продавач -** содржи податок за кодот BIC на учесникот-продавач.

### 4.3. Критериуми за вкрстување на пораките MT199 за пренос на сопственоста на благајничките записи и пораките MT103 (код DVP) за пренос на парични средства

Системот на вкрстување извршува вкрстување на пораките за пренос на сопственост на благајнички средства на Народната банка на Република Македонија пратени од учесникот-продавач и пораките за пренос на парични средства пратени од учесникот-купувач, доколку постои совпаѓање на податоците презентирани во следниве елементи:

- број на аукција;
- паричен износ;
- вид трансакција;
- код BIC на учесникот-купувач / код BIC на учесникот-продавач;
- датум на порамнување/датум на валута.

## 5. Порака MT199 за известување за резултатот од порамнувањето на хартиите од вредност и благајничките записи на Народната банка на Република Македонија (ЦДХВ/Депозитар на благајнички записи -> Систем на вкрстување -> Учесници)

### 5.1. Намена на пораката за известување за резултатот од порамнувањето на хартиите од вредност и благајничките записи на Народната банка на Република Македонија (ЦДХВ/Депозитар на благајнички записи -> Систем на вкрстување -> Учесници)

Оваа порака ја користат ЦДХВ/Депозитарот на благајнички записи и системот на вкрстување за праќање инструкции за известување на системот на вкрстување/учесниците за резултатот на порамнувањето на хартиите од вредност и резултатот од порамнувањето на благајничките записи на Народната банка на Република Македонија.

Системот на вкрстување не ја контролира валидноста на податоците содржани во елементите „резулатат на порамнувањето" и „детален опис на резултатот на порамнувањето", туку само им ги праќа овие податоци на учесниците во порамнувањето хартии од вредност и благајнички записи на Народната банка на Република Македонија.

## 5.2. Формат и елементи на инструкцијата за известување за резултатот од порамнувањето хартии од вредност и благајнички записи на Народната банка на Република Македонија (ЦДХВ/Депозитар на благајнички записи -> Систем на вкрстување-> Учесници)

| Статус | Име на елементот | Формат |
|---|---|---|
| З | Поврзана референца | 16x |
| З | Датум на порамнување | 6!n |
| З | Резултат од порамнувањето | 4!a |
| З | Детален опис на резултатот од порамнувањето | 35x |

## 5.3. Спецификација на елементите на инструкцијата за известување за резултатот од порамнувањето хартии од вредност и благајнички записи на Народната банка на Република Македонија

### 5.3.1. ЦДХВ -> Систем на вкрстување

**поврзана референца** - содржи податок за референцата на оригиналната порака МТ199 (поле :20:) пратена од системот на вкрстување до ЦДХВ.
**датум на порамнување -** содржи податок за датумот на порамнување. Податокот мора да биде еднаков со тековниот работен ден во МИПС.
**резултат од порамнување -** содржи податок за резултатот од порамнувањето на оригиналната порака МТ199 (поле :20:) пратена од системот на вкрстување до ЦДХВ. Овој елемент може да ги содржи само следниве кодови:
код SETL - порамнувањето на хартиите од вредност е успешно завршено;
код REJT - порамнувањето на хартиите од вредност не е успешно завршено;
**детален опис на резултат од порамнување -** содржи детален опис на резултатот од порамнувањето на оригиналната порака МТ199 (поле :20:) пратена од системот на вкрстување до ЦДХВ. Во случај кога елементот „резултат од порамнувањето" содржи код REJT, елементот „детален опис на резултатот од порамнувањето" содржи детален опис на првооткриената грешка.

### 5.3.2. Систем на вкрстување -> Учесници

**поврзана референца** - содржи податок за референцата на оригиналната порака МТ199/МТ103 (код DVP) (поле :20:) пратена од учесниците (учесник-купувач/учесник-продавач) до системот на вкрстување.
**датум на порамнување -** содржи податок за датумот на порамнување. Податокот мора да биде еднаков со тековниот работен ден во МИПС.

**резултат од порамнување -** содржи податок за резултатот од порамнувањето на оригиналната порака MT199/MT103 (код DVP) (поле :20:) пратена од учесниците (учесник-купувач/учесник-продавач) до системот на вкрстување. Овој елемент може да ги содржи само следниве кодови:
код SETL - порамнувањето на хартиите од вредност/благајничките записи е успешно завршено.
код REJT - порамнувањето на хартиите од вредност/благајничките записи не е успешно завршено;
**детален опис на резултатот од порамнување -** содржи детален опис на резултатот од порамнувањето на оригиналната порака MT199/MT103 (код DVP) (поле :20:) пратена од учесниците (учесник-купувач/учесник-продавач) до системот на вкрстување. Во случај кога елементот „резултат од порамнувањето" содржи код REJT, елементот „детален опис на резултатот од порамнувањето" содржи детален опис на првооткриената грешка.

## 6. Порака MT199 за грешка во инструкциите (Систем на вкрстување -> Учесници/ЦДХВ)

### 6.1. Намена на пораката MT199 за грешка во инструкциите (Систем на вкрстување -> Учесници/ЦДХВ)

Оваа порака ја користи системот на вкрстување за автоматско праќање грешка во инструкциите што ги праќаат учесниците и ЦДХВ до системот на вкрстување.

### 6.2. Формат и елементи на инструкцијата за грешка (Систем на вкрстување-> Учесници/ЦДХВ)

| Статус | Име на елемент | Формат |
|---|---|---|
| З | Поврзана референца | 16x |
| З | Датум на порамнување | 6!n |
| З | Грешка во инструкцијата | 4!a |
| З | Детален опис на грешката во инструкцијата | 35x |

### 6.3. Спецификација на елементите на инструкцијата за грешка (Систем на вкрстување-> Учесници/ЦДХВ)

**поврзана рефренца** - содржи податок за референцата на оригиналната порака MT199 (поле :20:) испратена од учесниците (учесник-купувач/учесник-продавач или ЦДХВ) до системот на вкрстување.
**датум на порамнување -** содржи податок за датумот на порамнување;
Податокот мора да биде еднаков со тековниот работен ден во МИПС.
**грешка во инструкција -** содржи податок за грешката во елементите на инструкцијата содржани во оригиналната порака MT199 (поле :20:) пратена од учесниците (учесник-купувач/учесник-продавач или ЦДХВ) до системот на вкрстување. Овој елемент може да го содржи само следниов код:
код ERRC - грешка во елементите на инструкцијата.

**детален опис на грешка во инструкција -** содржи детален опис на грешката во елементите на инструкцијата содржани на оригиналната порака МТ199 (поле :20:) пратена од учесниците (учесник-купувач/учесник-продавач или ЦДХВ) до системот на вкрстување. Елементот „детален опис на грешката во инструкција" содржи детален опис на првооткриената грешка.

## 7. Порака МТ199 Барања (Учесници -> Систем на вкрстување)

### 7.1. Намена на пораката МТ199 Барања (Учесници -> Систем на вкрстување)

Оваа порака ја користат учесниците во системот на вкрстување заради:

- барање за повлекување инструкција за пренос на сопственост на хартии од вредност/благајнички записи на Народната банка на Република Македонија, или барање за повлекување порака за пренос на парични средства за порамнување трансакции со благајнички записи на Народната банка на Република Македонија;
- барање за пренос на средства од посебната сметка на редовната сметка на учесникот;

Барањата за повлекување инструкција за пренос на сопственост на хартии од вредност и барањата за повлекување парични средства заради порамнување трансакции со благајнички записи на Народната банка на Република Македонија се извршуваат само ако во моментот на приемот на барањето од учесникот, бараната инструкција (поврзаната референца) не е вкрстена. Во спротивно, барањата се одбиваат и не се предмет на понатамошна обработка.

Барањата за пренос на средства од посебната сметка на редовната сметка на учесникот се извршуваат само ако во моментот на приемот на барањата од учесникот, системот на вкрстување нема пратено пораки за порамнување хартии од вредност/благајнички записи кон ЦДХВ/Депозитар на благајнички записи коишто се однесуваат на учесникот-праќач на барањето. Во спротивно, барањата се одбиваат и не се предмет на понатамошна обработка.

Барањата во системот на вкрстување се извршуваат во истиот момент и не може да бидат повлечени.

### 7.2. Формат и елементи на инструкцијата за барање (Учесници -> Систем на вкрстување)

#### 7.2.1. Формат и елементи на инструкцијата за барање за повлекување инструкција за пренос на сопственост на хартии од вредност/благајнички записи или барање за повлекување порака за пренос на парични средства за порамнување трансакции со благајнички записи на Народната банка на Република Македонија (Учесници -> Систем на вкрстување)

| Статус | Име на елементот | Формат |
|---|---|---|
| З | Поврзана референца | 16x |
| З | Датум на порамнување | 6!n |
| З | Тип на барање | 4!a |

### 7.2.2. Формат и елементи на инструкцијата за барање пренос на расположливи средства од посебната на редовната сметка на учесник (Учесници -> Систем на вкрстување)

| Статус | Име на елемент | Формат |
|---|---|---|
| З | Датум на порамнување | 6!n |
| З | Тип на барање | 4!a |
| З | Баран износ | 15d |
| З | Посебна сметка во МИПС | 15!n |
| З | Редовна сметка во МИПС | 15!n |

## 7.3. Спецификација на елементите на инструкцијата за барање (Учесници -> Систем на вкрстување)

### 7.3.1. Спецификација на елементите на инструкцијата за барање за повлекување инструкција за пренос на сопственост на хартии од вредност/благајнички записи или барање за повлекување порака за пренос на парични средства за порамнување трансакции со благајнички записи на Народната банка на Република Македонија (Учесници -> Систем на вкрстување)

**поврзана референца** - содржи податок за референцата на оригиналната порака MT199/MT103 (код DVP) (поле :20:) пратена од учесниците (учесник-купувач/учесник-продавач) до системот на вкрстување.
**датум на порамнување -** содржи податок за датумот на порамнување. Податокот мора да биде еднаков со тековниот работен ден во МИПС.
**тип на барање** - содржи податок за типот на барањето. Овој елемент може да ги содржи следниве кодови:
код CANC - барање за повлекување инструкција за пренос на сопственост на хартии од вредност/благајнички записи;
код CRJT - барање за повлекување порака за пренос на парични средства за порамнување трансакции со благајнички записи на Народната банка на Република Македонија.

### 7.3.2. Спецификација на елементите на инструкција барање за пренос на расположливи средства од посебна на редовна сметка на учесник (Учесници -> Систем на вкрстување)

**датум на порамнување -** содржи податок за датумот на порамнување. Податокот мора да биде еднаков со тековниот работен ден во МИПС;
**тип на барање** - содржи податок за типот на барањето. Овој елемент може да го содржи само следниов код:
код RETN - барање за пренос на средства;
**баран износ -** содржи податок за бараниот износ на средства коишто треба да се префрлат од посебната сметка на редовната сметка на учесникот.
**посебна сметка во МИПС** - содржи податок за посебната сметка на учесникот во МИПС.
**редовна сметка во МИПС** - содржи податок за редовната сметка на учесникот во МИПС.

## 8. Завршни одредби

Со денот на влегувањето во сила на овој стандард, престанува да важи „Стандардот за намена и формат на пораките во системот на вкрстување“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/06).

Овој стандард влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 12219<br>5 април 2017 година<br>Скопје

Гувернер<br>Димитар Богов